**З А П И С Н И К**
**од 40-та седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 27.09.2024 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11.30 часот.
На седницата присутни беа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска и Сандра Пејковска.
На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски.
Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Катерина Огненовска. На седницата присутен беше директорот на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар Александар Чорбевски, директорката на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар Маја Лозановска, вд директорката на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар Андријана Цветковска. На седницата имаше присутен претставник од граѓани на Мургашево Цане Мицевски.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 39 та седница на Совет на општина Демир Хисар

По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 11 „за“.

Записникот беше усвоен со 11 „за“ без забелешки.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Донесување на ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2024/2025 година.
2. Усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година.
3. Усвојување на Годишна програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година.
4. Давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ „Крсте П Мисирков“ Демир Хисар за 2024/2025.
5. Усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисарт за учебната 2023-2024 година.
6. Усвојување на Годишна Програма за 2024/2025 година на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар.
7. Усвојување на Развоен план на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за период од 2024 до 2027 година.
8. Донесување на Одлука за давање согласност за зголемен односно намален број на деца во воспитните групи за 2024/2025 во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар.
9. Донесување на Одлука за утврдување на почеток и завршеток на работно време во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2024/2025 година.
10. Донесување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2025 година.
11. Информација за колку проекти има готови, колку се во постапка за реализација.
12. Донесување на Одлука за доделување на финансиски средства на ЈОУДГ ,, Втори Септември” Демир Хисар.
13. Донесување на Одлука за давање согласност на Ценовник за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар.
14. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на дневниот ред со две точки и тоа како 12. Донесување на Одлука за доделување на финансиски средства на ЈОУДГ ,, Втори Септември” Демир Хисар и како 13. Донесување на Одлука за давање согласност на Ценовник за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар. По предлогот немаше забелешки. Со 11 „за“ беше усвоен дневниот ред со дополнувањето.

***ТОЧКА 1. ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2024/2025 година***

Оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2024/2025 година беше усвоена од комисијата за јавни и комунални работи објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше претставникот Катерина Огненовска. Советничката Магдалена Вељановска праша до каде се планирани релациите за чистење во с.Стругово до крајот на селото или само до трансформаторот. Советникот Јордан Кромидаровски додаде во програмата има планирано улица 800 метри тоа би требало да биде до крајот на улицата. Претставникот Катерина Огненовска објасни се чисто до крајот на улицата општината има надзор кој врши контрола дали се постапува по програмата. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи ако некаде не се постапува по програмата надзорот треба да реагира. Дисксусија повеќе немаше. Со 10 „за“ беше усвоена програмата против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Годишен извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година***

Годишниот извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година не беше разгледан на комисијата за опшествени дејности бидејќи немаше присутен претставник. Во салата беше присутна директорката Маја Лозановска која го презентираше извештајот. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше усвоен извештајот против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 3. Годишна програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година***

Годишната програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2024/2025 година исто така не беше разгледувана на комисијата за опшествени дејности бидејќи немаше присутен претставник. За програмата објаснување имаше директорката Маја Лозановска. Советничката Марина Димитријовска праша дали во програмата се планираат нови активности кои не биле планирани предходната година. Директорката Маја Лозановска објасни имаше успешно организирана повеќедневна екскурзија во Италија со сопствени средства, во соработка со средното училиште од Крушево. Го опремивме кабинетот по информатика, набавивме и друга опрема, набавивме лап топ за секој професор за примена на нови наставни практики, се организираа многу обуки, се поставени интерактивни табли во сите училници се набавува доста опрема се вложува во тој дел да се следи трендот. Се одржува практична настава за сите ученици, но се соочуваме со проблем нема доволно компании на подрачјето на општината за дуално образование. Електротехничката струка треба практична настава да обавува, тоа се прави со компании од Битола, имаме успешна соработка и со РЕК Битола, но тоа бара дополнителни трошоци за превоз. ЈП Дехи Транс ни излегува во пресрет, сега имаме повеќе ученици кој се заинтересирани за оваа насока. Советот можи да ни помогни, на тој начин да се внимава со формирање на цената за превоз на ученици. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали има можност да се отвори паралелка за медицина многу ученици од Демир Хисар се запишуваат во Битола за таа област, во тој дел советот ќе даде поддршка. Директорката Маја Лозановска објасни на оваа тема се размислува долго време, уште кога се размислуваше за отворање на нова паралелка, бидејќи се намалува интересот за гимназиската паралелка. Правени се анализи за која струка да се отвори кој наставен кадар ни е потребен. За медицинска струка тешко се добива согласност, бидејќи има во Битола, треба многу поени не се намалуваат поените за упис, нема толку ученици со висок просек, треба наставен кадар доктори, треба да има клиничка болница. И ние сакавме таква струка многу деца ќе се запишеа во училиштето не неможеме да добиеме согласност од МОН. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше усвоена програмата.

***ТОЧКА 4. Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ „Крсте П Мисирков“ Демир Хисар за 2024/2025***

За согласноста за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ „Крсте П Мисирков“ Демир Хисар за 2024/2025 објаснување имаше директорката Маја Лозановска, при тоа нагласи согласност би требало да се бара само за паралелките од прва година, бидејќи за другите веќе имаме добиено согласност, но службите согласноста ја изготвуват за сите паралелки, не е проблем. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена согласноста.

***ТОЧКА 5. Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисарт за учебната 2023-2024 година***

Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисарт за учебната 2023-2024 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За извештајот објаснување имаше вд директорката Андријана Цветковска при тоа нагласи со покачувањето на цената за престој на децата во градинката се ублажи состојбата, остана да се плати уште фактурата за нафта, затоа има барање до советот да се помогне да се плати таа фактура за да можи да се набави друга нафта. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски во својата дискусија истакна во детската градинка со согласност на советот има две паралелки од ООУ Гоце Делчев Демир Хисар, дали училиштето учествува со помош затоа што тука држи две простории. Вд директорката Андрија Цветковска објасни не учествува со ништо. Јас немам право да му речам тоа е одлука од совет. Претседателот на Советот Љуипчо Најдовски додаде ова не е логично таму две простории има основното училиште, и треба да учествува во покривање на трошоците согласно површината што ја користат, бидејќи ако не се тие ќе се греe помала површина. Претседателот предложи од дискусијата да произлезе заклучок со кој се задолжува училиштето да учествува во покривање на трошоците за греење и комунални услуги процентуално согласно површината што ја користат. Советничката Сандра Пејковска истакна мислев дека овие работи се регулирани меѓусебно. Советникот Сашо Михајловски праша колку средства се потребни за покривање на фактурата за нафта. Вд директорката Андрија Цветковска објасни тоа е стара фактура 374.800, и уште една што треба да ја плаќаме. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни Советот треба логично да ги гледа работите, ако една институција запаѓа ја влече другата така е со комуналното ја влече општината овде училиштето ја влече градинката треба да се реагира на време. Останува училиштето да учествува процентуално со покривање на трошоците и да се интервенира во цената за престој и општината не можи многу да помогни. Вд директорката Андријана Цветковска објасни во цената за престој неможи да се интервенира само пет општини имаат покачено цена. Советничката Сандра Пејковска предложи да се најде модел пример да се види колку е трошокот за една паралелка во училиштето, со таков износ да се покрива трошокот во градинката. Дискусија повеќе немаше. Со 10 „за“ против и воздржани немаше извештајот беше усвоен.

***ТОЧКА 6. Годишна Програма за 2024/2025 година на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар***

Годишната Програма за 2024/2025 година на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар беше усвоена од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше вд директорката Андријана Цветковска. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше усвоена програмата против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 7. Развоен план на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за период од 2024 до 2027 година***

Комисијата за опшествени дејности го усвои Развојниот план на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за период од 2024 до 2027 година објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За Развојниот план објаснување имаше вд директорката Андријана Цветковска. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше усвоен планот против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 8. Одлука за давање согласност за зголемен односно намален број на деца во воспитните групи за 2024/2025 во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар***

За Одлуката за давање согласност за зголемен односно намален број на деца во воспитните групи за 2024/2025 во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар објаснување имаше вд директорката

Андријана Цветковска. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше усвоена одлуката против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 9. Одлука за утврдување на почеток и завршеток на работно време во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2024/2025 година***

За Одлуката за утврдување на почеток и завршеток на работно време во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2024/2025 година објаснување имаше вд директорката Андријана Цветковска. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше усвоена одлуката против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 10. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2025 година***

За Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2025 година објаснување имаше вд директорката Андријана Цветковска. Советничката Марина Димитријовска забележа до сега не сме носеле план за вработување за детската градинка. Вд директорката Андријана Цветковска објасни сега мора планот да добие согласност и од советот во насока на тоа додаде имаме две лица кои исполнуваат услов за пензија со години но немаат доволно стаж мора да продолжат со работа. Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше усвоена одлуката против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 11. Информација за колку проекти има готови, колку се во постапка за реализација***

Во врска со информацијата за проектите Градоначалникот Никола Најдовски објасни по објавување на повикот од владата и ние на веб страната на општината објавивме, исто така од состанокот со месните заедници дел од предлозите се планирани, а потоа ги наведе дел од планираните проекти две улици во Белче, реконструкција на главна улица во Единаковци, изградба на спорски комплекс кај градскиот стадион, 320.000 евра не се многу средства, затоа се одлучи за овие проекти, наредната година ќе се аплицира за еден милион евра тогаш ќе можи да се аплицира за покрупни проекти. Се планира патот Демир Хисар-Вардино, патот Демир Хисар до манастир Слепче 5км, Сопотница патот до манастирот. Во моментот се работи на реконструкција на улица во Сопотница, улица во Прибилци, пат до манастир Св. Елена и Константин Вардино, тротоар во Демир Хисар и градски парк во Демир Хисар. Се надева дека нема да се одложуваат роковите за завршување на овие проекти, некој ќе се завршат во октомври некој во ноември ќе се завршат. Ќе се подготви информација за сите реализирани проекти од 2021 до сега и кои се планирани за 2025 година. Советникот Јордан Кромидаровски праша за улиците во Смилево. Градоначалникот Никола Најдовски објасни планирани се, исто и мостот во Журче е во завршна фаза. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша за патот до црквата околку 100 метри, градоначалникот Никола Најдовски објасни во планирани проекти е. Советничката Марина Димитријовска го истакна проблемот со често кинење на цевки кога се работи па населението нема вода за пиење. Градоначалникот Никола Најдовски објасни кога се работи секогаш има присутни лица од ЈКП Комуналец се избегнуваше да не се оштети главната цевка се скина друга тоа е проблем со подземен катастар на инфраструктура. Исто така го нагласи проблемот со немање сообраќајна култура на сите граѓани, мора со колата да се оди до самиот влез на продавниците, е проблем и паркинг место, исто е проблем немање на ДУП за Мургашево поради проблемот со планираната акумулација Бучин. Советникот Сашо Михајловски упати забелешка до ЈКП Комуналец за одржување на гробиштата, срамота е празник беше многу народ се гази низ трева, коментарите на граѓаните беа доста неумесни. Советникот Аце Јанкуловски во насока на забелешката истото е и за градскиот стадион место кое е доста атрактивно за младите многу лошо се одржува. Кон забелешките упатени до ЈКП Комуналец советникот Валентин Несторовски имаше забелешка за подигањето на сметот на повеќе наврати се реагира да се собира сметот. Градоначалникот Никола најдовски рече сите овие забелешки ќе бидат пренесени на раководството на ЈКП Комуналец демир Хисар.

Дискусија по оваа точка повеќе немаше.

***ТОЧКА 12. Одлука за доделување на финансиски средства на ЈОУДГ ,, Втори Септември” Демир Хисар***

За Одлуката за доделување на финансиски средства на ЈОУДГ ,, Втори Септември” Демир Хисар во предходната дискусија беше разговарано се однесува за средства потребни за плаќање на фактура за нафта за греење објасни вд директорката Андријана Цветковска. Советниците одлучија да биди во

рамките на можностите.  Дискусија немаше. Со 10 „за“ беше усвоена одлуката против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 13. Одлука за давање согласност на Ценовник за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар***

Во врска со Одлуката за давање согласност на Ценовник за вршење на услуги за превоз од страна на Јавно Претпријатие ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар директорот Александар Чорбевски објасни на предходната седница беа покачени цените за превоз на ученици. Од страна на училиштата имаше реакција дека цените се високи не се во можност да ги покриваат трошоците за превоз, согласно средствата кои ги добиваат од блок дотациите. Поради тоа управниот одбор донесе одлука со која ги намали цените за превоз. Советниците немаа забелешки. Со 10 „за“ беше усвоена одлуката против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 14. Предлози и прашања***

***-Барање од група граѓани во врска со изградбата на тротоар вои Демир Хисар***

Во врска со барањето Градоначалникот Никола Најдовски во својата дискусија истакна во барањето е наведено дека ивичнаците требало да се повисоки да не паркирале возила на тротоарите, а самиот допис не е потишан, во прилог има доставено копија на список од потписи кои се собирани за друга намена уште во 2022 година од 20 тина лица кои бараа реконструкција на тротоарот, а  што само по себе е кривично дело. Потоа додаде ќе размисли како ќе постапи понатаму со тој допис дали ќе покрене постапка за фалсификување. Што се однесува за реконструкција на тротоарот има изработено проект од стручни лица и се работи 100 % согласно проектот без никаква отстапка, ако некој се сомнева слободно нека провери. Проектот е многу убаво изработен и неможи да разбери како може да се доведат во заблуда сите, дали сето ова треба да остани неказнето.

На седницата присутен беше Цане Мицевски од Мургашево кој најпрво се огради од дописот и рече дека тоја не е потпишан и не е дел од тоа барање. Потоа додаде на седницата присутен е од лични причини, бидејќи има проблем со поплавување на дворот. Уште со проширување на влезот во училишптето Гоце Делчев се појавил проблем при дождови атмосверската вода цела оди кај него во дворот, а сега со изградбата на тротоарот каде ивичњаците се ниски уште повеќе вода ќе оди во дворот. Затоа предложи секако се работи на тротоарот да се постават испусти за атмосверска канализација. Потпорниот зид веќе попушта, забелешка имаше кога се планираат вакви проекти да се разговара со месното население кое е директно засегнато да се воочат проблемите. Исто така да се донеси урбанистички план за Мургашево да се решат повеќе проблеми, како проблем го посочи и паркирањето на тротоарот најпрво од полициските возила, и тешки товарни возила кои се паркираат на тротоар пред влезовите на куќите. Градоначалникот Никола Најдовски објасни со овај проект се планираше реконструкција на постоечки тротоар димензиите на тротоатор во широчина се различни во зависност со фактичката состојба, не се проширува останува исто како што било предходно. Претставникот Цане Мицевски предложи секако се работи да се планира и одведување на атмосферските води во тој дел каде претставуваат проблем, во спротивно нема да се дозволи да се работи. Од 1963 година сум населен немам ништо три елаборати имам изготвено сеуште немам сопственост нема урбанистички план за Мургашево, исто беше проблем кога се правеше фекалната канализација не сакаа да не послушаат и сега има проблем со атмосверските води. Советникот Сашо Михајловски забележа ова би требало да е решливо, на две места се собира водата. Градоначалникот Никола Најдовски објасни ова е проект за реконструкција, ќе се разговара да се види што можи да се направи не се прави изградба па да се планираат повеќе работи. Сега не се прави подземна инфраструктура. За паркирање на возилата на тротроарот се согласи нема сообраќајна култура кај возачите за тоа треба да реагира МВР. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски констатира од целата дискусија проблем се атмосверските води и проблем со паркирање на полициските и другите возила на тротоарот, да се разговара со изведувачите да се најде решение ако треба средства советот ќе одобри. Да се најде решение со стручен кадар дали со поставување на знаци или со ступчиња. Советничката Сандра Пејковска забележа од дискусијата на присутниот може да се констатира дека не е поврзано со поднесеното барање. Човекот има проблем со атмосверската канализација и паркирање на тротоарот. Ова барање треба да се одвои од она барање што е доставено до Советот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски се согласи дека заеднички проблем за сите е да се среди

со атмосверските води и паркирањето на тротоарот, другиот дел од барањето не за коментар како претседател на Совет не можев да го скријам барањето го оставиле кај мене. Советничката Марина Димитријовска предложи да се направи нешто со атмосверската канализација пред да се направи тротоарот за да не се прекопува отпосле. Градоначалникот Никола Најдовски објасни ограничени сме со средства беше грда слика таа страна од улицата целта беше да се уреди, сите знаеме колку многу работи треба да се средат, но треба многу средства. Советникот Сашо Михајловски додаде ако има можност да се направи сливник. Советникот Аце Јанкуловски истакна треба да се разграничи реконструкција и изградба овде е реконструкција. Претседателот на Совет Љупчо Најдовски предложи да се донеси заклучок барање до Полициска станица Демир Хисар да се повеќе присутни на терен, да не се дозволува паркирање на тротоарите. Потоа додаде барав да се достави извештај за работата, но новото раководство не можело да доставува извештај за предходно. Добро е да се повеќе присутни како улични полицајци, исто ако можи да се најде некое решение за атмосверската канализација.

***Барање од МЗ Мренога***

Барањењто се однесуваше на месната да му се доделу уличниот столб кој не е во употреба. Советот се согласи да му се отстапи и да се постави улично осветлување.

***Барање од МЗ Белче***

Барањето се однесуваше за доделување финансиски средства за набавка на камбанарија во црквата Св.Никола с.Белче.

Советот се согласи 30.000 денари да се одобрат.

***Барање од МЗ Доленци***

Барањето се однесуваше за два проблеми

-одобрување на средства за поправка на училишната здрада во Доленци дограма и покрив да се санира потребни се финансиски средства или градежен материјал

-решавање проблемот со водоснабдувањето набавка и поставување на црево

100.000 за црево и 60.000 за училиштето

Советниците одлучија 60.000 за училиштето а за проблемот за водоводот да се погрижи ЈКП Комуналец ќе плати општината.

Советникот Валентин Несторовски го истакна проблемот со дворовите каде никој не живее да се чистат од сопствениците, бидејќи истите претставуваат проблем за пожар. Да се види која е законската основа за пријавување.

По оваа точка немаше дискусија. Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 990/2
21 .10. 2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.